Врз основа на член 24 став (1) алинеа (5), а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015 ), во постапката за преиспитување на утврден релевантен пазар на производи и услуги и определување на оператор со значителна пазарна моќ на определен релевантен пазар, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 05.05.2017 го донесе следното

# О Д Л У К А

I

СЕ ОТПОВИКУВА решението број 1302-1454 од 30.12.2014 година со кое операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, е определен за оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало за пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисницции

II

Агенцијата за електронски комуникации му ги отповикува на Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје следните регулаторни обврски претходно кои содржат забрана за:

- Наплаќање на превисоки цени на услугата
- Спречување на влез на пазарот
- Ограничување на конкуренцијата со воведување на предаторски цени
- Без причина давање на неоправдани привилегии на одредени крајни корисници
- Неразумно врзување на услугите во пакет

На Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје му се отповикува наметнатата мерка контрола на поединечни цени, претходно наметната во согласност со алинеа 2) од ставот (3) од членот 91 од Законот за електронските комуникации.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

IV

Одлуката е конечна.

V

По донесувањето на оваа одлука истата во рок од три дена ќе биде објавена на веб страната на АЕК

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на членовите 79, 80 и 81 од Законот за електронските комуникации, Агенцијата за електронски комуникации изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на мало, Пазар бр. 1 - пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисниции.

Во нацрт документ од анализата на Пазар бр. 1 - пристап до јавна електронска комуникациска мрежа на фиксна локација за резиденцијални и деловни крајни корисниции заведен под број 0201-2937/5 од 11.11.2016 година е утврдено дека овој релевантен малопродажен пазар повеќе не го исполнува три критериум тестот, односно не се исполнети сите три критериуми кумулативно за да пазарот подлежи и понатаму на претходна (ex-ante) регулација согласно членот 80 став (2) од Законот за електронските комуникации. Агенцијата врз основа на анализа на релевантен пазар утврди дека пазарот не подлежи на претходна регулација при што не определи ниту еден оператор како оператор со значителна пазарна моќ согласно со членот 76 ставови (1) и (2) од Законот за електронските комуникации.

Според тоа, согласно членот 82 став (3) од Законот за електронски комуникации, операторот Македонски Телеком АД за електронски комуникации – Скопје, повеќе не поседува значителна пазарна моќ на овој релевантен малопродажен пазар. Според членот 82 став (4) од истиот Закон се отповикуваат обврските кои се наметнати со Решение бр. 1302-1454 од 30.12.2014 година.

Со оглед на сето ова погоре наведено, а врз основа на членот 24 став (1) алинеја 5, а во врска со членовите 79, 80, 81 и членот 82 ставови (3) и (4) од Законот за електронските комуникации (Службен Весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на истата.

Александар Коцевски

Одделение за анализа на пазар

Марјан Пејовски

Одделение за анализа на пазар

Бојана Гошева

Советник на директорот за правни прашања

Директор

Сашо Димитријоски

Наш број: Уп1-бр. 1305-743

Скопје, 05.05.2017 година